ИЗГОТВУВАЧ:

Арх. Бр. 1001-459/1
30-09-2019г.

ПРЕДМЕТ:

ВЕШТ НАОД ОД ОБЛАСТА НА ГЕОДЕЗИЈАТА

НАРАЧАТЕЛ

# ВЕШТ НАОД ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

КП 1016, 1017;

ИЛ 887;

КО ПОРОЈ ВГР

ВЕШТО ЛИЦЕ:

ДАТУМ НА ВЕШТАЧЕЊЕ:
септември, 2019 год.

## ВЕШТИОТ НАОД Е СОЧИНЕТ ОД:

- Насловна страна
- Содржина
- Воведни напомени
    - Општи одредби
    - Датум и време на вештачењето
    - Документација предмет на анализа
- Утврдена состојба
- Наод и мислење
- Прилози кон вештиот наод
    - Скица на премерување со нанесена ново предложена состојба за КП 1016 и 1017 на КО Пороj ВГР
    - Имотен лист бр. 887 на КО Пороj ВГР
    - Скица МАК ЕДИТ од АКН – Скопjе
    - Потврда за градежен реон бр. 10-8334/2
    - Лиценца за вештачење од областа на геодезиjата

Согласно поднесено барање, заведено кај нас со бр. 1001-459/1 од 03.09.2019 година од адвокат ..., за изработка на вештачење за потребите на отпочнување на судска постапка пред надлежен суд со основ сопственост, вештото лице ... го изготви следниов вешт наод:

# I. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

## 1 Општи одредби

За потребите на отпочнување на судска постапка пред Основн суд Тетово во Тетово, адвокатката ... побара од Центар за вешташење и проценка ... да изврши вештачење, односно увид во дадената документација, како и да се изврши геодетски премер од лице место. Врз основа на задолженијата, писмено и усно посочени од барателот, со овој вешт наод потребно е да се изврши:

- Идентификација на парцела,
- Непосреден увид и геоетски премер на лице место,
- Изработка на вешт наод и мислење со презентирање на утврдената состојба и
- Предлог нова состојба

## 2 Датум и време на вештачењето

Вештачењето е извршено со непосреден увид и идентификација на парцелата, како и со разгледување, анализа и систематизација на приложената и обезбедената документација, во текот на месеците септември, 2019 година.

## 3 Документација предмет на анализа

- Имотен лист бр. 887 на КО Порој ВОН Г.Р. со архивски број 1105-26946/2019 од 26/09/2019г., издаден од АКН – Скопје
- Скица за КП 1016, 1017, генерирана од софтверот МАК ЕДИТ на АКН – Скопје и
- Потврда за градежен реон бр. 10-8334/2 од 03-09-2019г., Сектор за урбанизам при Општина Тетово.

# II. УТВРДЕНА СОСТОЈБА

1) Од извршената идентификација при непосредниот увид на лице место, констатирано е дека се работи за КП 1016 и КП 1017 на КО Порој ВГР. Овие две

катастарски парцели се со запишани право на сопственост во катастар на недвижности во ИЛ бр. 887 на КО Пороj Вонград, односно:

- Во лист „А"- податоци за носителите на правото на сопственост, запишано е право на сопственост на лицето (1/1) од с. Пороj, Тетово.
- Во лист „Б"-податоци за земјиштето, на МВ „Дреновец" запишана е КП 1016, култура нива/3, во површина од 2205m$^2$ и КП 1017, култура ливада/4, во површина од 1146 m$^2$ или во вкупна површина од 3351m$^2$.

# III. НАОД И МИСЛЕЊЕ

Од извршениот увид и премер на лице место изработена е скица на премерување на КП 1016 и КП 1017 на КО Пороj ВГР. На самата скица, прилог на овој вешт наод, претставена е состојбата од лице место, при што земени се во предвид наскоите дадени од ... од Тетово како и исказите дадени на денот на увидот на лице место, од страна на сопственикот од с.Пороj. Имајќи ги во предвид горе изнесеното може да се констатира дека од с.Пороj, на лице место владее вкупно 2000m$^2$ од КП 1016 и КП 1017 на КО Пороj ВОН ГРАДЕЖЕН РЕОН. Овој дел на скицата на премерување е разграничен со нова делбена линија во црвена боја. Согласно вака прикажаната состојба на скицата на премерување во продолжение ќе биде претставена **предлог новата состојба** за КП 1016 и КП 1017 на КО Пороj ВГР, односно:

- Лицето **(1/1) од с.Пороj**, на лице место го владее:
    - северо-западниот дел од КП 1016, во површина од **1283m$^2$**, кој дел во иднина би можел да претставува **нова КП 1016/2**, како култура нива/3 на КО Пороj ВГР. Истата е со следниве мери и граници: на север во ширина од 32.7m, на исток во вкупна должина од 46.4m, на југо во ширина од 26.8m и на запад во вкупна должина од 46.1m.
    - северниот дел од КП 1017, во површина од **719m$^2$**, кој дел во иднина би можел да претставува **нова КП 1017/2**, како култура ливада/4 на КО Пороj ВГР. Истата е со следниве мери и граници: на север во ширина од 15.4m, на исток во вкупна должина од 46.1m, на југо во ширина од 16,2m и на запад во вкупна должина од 44.8m.

- Лицето **(1/1) од с.Пороj**, на лице место го владее:
    - јужниот дел од КП 1016, во површина од **737m$^2$**, кој дел во иднина би можел да претставува **нова КП 1016/1**, како култура нива/3 на КО Пороj ВГР. Истата е со следниве мери и граници: на север во должина од 30.8m, на исток во ширина од 21.1m, на југо во должина од 29.8m и на запад во ширина од 26.0m.
    - северо-источниот дел од КП 1016, во површина од **185m$^2$**, кој дел во иднина би можел да претставува **нова КП 1016/3**, како култура нива/3 на КО Пороj ВГР. Истата е со следниве мери и граници: на север во ширина

од 4.0m, на исток во вкупна должина од 46.3m, на југо во ширина од 4.0m и на запад во вкупна должина од 46,4m.

- југжниот дел од КП 1017 во површина од **427$m^2$**, кој дел во иднина би можел да претставува **нова КП 1017/1**, како култура ливада/4 на КО Пороj ВГР. Истата е со следниве мери и граници: на север во ширина од 16.2m, на исток во должина од 26.0m, на југо во ширина од 16.6m и на запад во должина од 26.1m.

- Бидејќи ново формираната **КП 1016/3** претставува единствениот пристап до недвижностите од погор опишаната предлог новата состојба, врз истата ќе биде потребно лицето [redacted] **од с.Пороj** да има право на **стварна службеност** како трајно право т.е. право на нужен премин преку туѓо земјиште(пеш, со запрежни и моторни возила), заедно со сите права и обврски кои произлегуваат од истото, со следниве мери и граници: на север во ширина од 4.0m, на исток во вкупна должина од 46.3m, на југо во ширина од 4.0m и на запад во вкупна должина од 46,4m.

Поделбата и формирањето на нови парцели овозможено е согласно потврдата со арх. Бр. 10-8334/2 од 03-09-2019г., со која Секторот за урбанизам при Општина Тетово потврдува дека КП 1016 и КП 1017 на КО Пороj ВГР се наоѓа во градежен реон на планскиот опфат.

КУМАНОВО, 30/09/2019год.

ВЕШТО ЛИЦЕ:

________________________________

# IV. ПРИЛОЗИ КОН ВЕШТИОТ НАОД

Центар за вештачење и проценка

# СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ СО НАНЕСЕНА НОВО ПРЕДЛОЖЕНА СОСТОЈБА ЗА КП 1016 и КП 1017

Р 1:750

КО ПОРОЈ ВГР
Арх. бр. 1001-459/1-19




## Легенда:

состојба според катастар на недвижности

1016/1 нов број на КП

предлог нова делбена линија

Изготвил:

Куманово
30-09-2019год.

*овластен судски вештак*

# MakEdit

## 28.9.2019 22:39:51

